**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**
**И НАУКА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-156**
**03.12. 2019 година**
**Кавадарци**

# РУ „БЛАГОЈ СТРАЧКОВСКИ“ ВЕЛЕС

**Конечен Извештај од извршена интегрална евалуација**

| | |
|---|---|
| **Датум на инегрална** | 20,21 и 22 Ноември 2019 година |
| **Број на извештај:** | 12 / Вардарски регион/ 2019 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Михаил Костадинов |
| **Вид на училиштето:** | Установа за основно образование на возрасни |
| **Подрачни училишта** | / |
| **Основач на училиштето:** | Собрание на Општина Велес |
| **Наставен јазик:** | Македонски |
| **Број на ученици:** | 3 за основно и 138 за курсно оспособување во текот на учебната 2019/20 година (заклучно со 04.12.2019) |
| **Полова структура на ученици:** | 92 машки и 46 женски |
| **Број на наставници:** | 6 за основно + потребен број ангажирани стручни лица за стручните занимања |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Слободанка Спасева |
| **Директор на училиштето:** | Јордан Галев |
| **Датум на претходна интегрална евалуација** | 14,15 и 18 Ноември 2016 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул. „Кресненско Востание“ бр.1 |
| **Телефон:** | 043/233-153 |
| **Факс:** | 043/233-153 |
| **е-маил:** | ruveles@yahoo.com |
| **Оценка ИЕ** | **Делумно задоволува (2.01)** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ” број 52/05, 81/08, 148/09, 57/10 , 51/11, 24/13,164/13, 41/14, 33/15 и 145/15) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ” број 86/2006).

# Р Е З И М Е

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за Просветна инспекција од 20, 21 и 22.11 .2019 тим од државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во Јавната установа,Работнички универзитет “Благој Страчковски“, Велес. Истата е спроведена од двајца државни просветни инспектори, со основна цел да се утврди квалитетот на работење во Работнички универзитет.За време на надзор инспекторите ги спроведоа сите планирани активности,се следеа само условите за работа, средствата и начинот на реализирање на теоретската и практичната обука и се одржаа планираните состаноци со директорот и вработените.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени,и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во Јавната установа, Работнички универзитет “Благој Страчковски“, Велес- **Делумно задоволува** (2,01)[1].

Во фазата на подготвувањето на интегрална евалуација извршени се соодветни контакти и подготвителни разговори со вработените во установата, доставени се основни инструменти за прибирање на податоци и анкета со директорот на Работничкиот универзитет.

За време на интегрална евалуација се спроведени повеќе активности за утврдување на состојбите во установата, остварени се средби со постојано вработени лица, извршен е интервју со наставници кои повремено ги ангажира установата за основно образование на возрасни, извршен е надзор во постоечката документација во установата , извршен е увид во просторните и други услови за остварување на дејноста.

Работнички универзитет „Благој Страчковски“ е установа која има делумно регулирана статусна состојба. Дејноста е регстрирана во Централниот Регистар на Република Македонија канцеларија Велес, според тековната состојба издадена под бр.0806-08/881/1 од 28.03.2012 година.

Во делот за сопственици во тековната состојба стои дека сопственик е Собрание на општина Велес.

Во Работнички универзитет се реализираат стари наставни планови за основно образование на возрасни од март 2005 година, изготвени од Бирото за развој на образованието, донесени со Решение на Министерот за образование заведени под број 10-1640 од 20.7.2005 година.

Наставните програми за основно образование на возрасни се се стари (за осмолетка) и се реализираат за слушателите од 4 (четири) образовни циклуси и тоа прв за слушатели од прво и второ одделени, втор за слушатели од трето и четврто одделение, трет за пето и шесто одделение и четврт за слушатели од седмо и осмо одделение. Работничиот универзитет „Благој Страчковски“ Велес на кандидатите кои со успех го завршиле основно образование за возрасни и им издава сведителства за завршено основно образование на возрасни со осумгодишно траење.

За Стручното образование на возрасни се реализират повеќе програми за занимања со работно оспособување. Курсната настава се реализира по наставни програми кои Јавната установа, Работнички Универзитет „Благој Страчковски“ – Велес, сам ги изработил и нема добиено согласност од Центарот за образование на возрасните. Работничкиот универзитет реализира две програми за работа кои се верифицирани од страна на Јавната установа Центарот за образование на возрасни. Програми кои се верифицирани и за нив е издадено решение за верификација на програма за градежен работник-ѕидар со деловоден бр.09-196/12 од 28.11.2013година и решение за верификација на програма на угостител-послужувач со деловоден бр.09-146 од 17.12.2013 година.

---

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Работничиот универзитет „Благој Страчковски“ Велес на кандидатите кои со успех ја завршиле обуката и постигнале добри резултати на тестовите им издава сертификати, а за лица кои полагаат странски јазици се издаваат уверенија. Во текот на учебната 2019/2020 година Работничиот универзитет „Благој Страчковски“ Велес дал понуда за реализација на следните курсни форми на кои се јавиле корисници; Болничари, Фризер, Бербер, Негувател, Козметичар, Против пожарна заштита, Ѕидар – Тесар, Кроење и шиење, Водоинсталатер, Ракувач на Виљушкар, Ракувач на парни котли, Ракувач на Багер, Заварувач, Столар, Резбар ,Негувател на болен во домашни услови, Автомеханичар, Масер, физиотерпевти, Плочкар, Монтер на електрични инсталации, Ракувач на тешки градежни машини, Молер – Фарбар, Армирач, Монтажа на гипс-картон плочи,кнауф, ригипс и ѕидање со блокови, во главната книга се еведентирани други кандидати оспособени по други програми на Работничиот универзитет „Благој Страчковски“ Велес.

Во Работничкиот универзитет не се реализираат вон наставни активности.

Наставата во РУ се организира како консултативна и индивидуална со секој од кандидатите, не се формират паралелки или групи, поради мал број на кандидати за одредена програма.

Постигнувањата на образовни резултати на ученици/корисници на образовни резултати за стручно работно оспособување се следат исто така само во формална смисла. Оценувањето на кандидатите е со проверка на знаења пред комисија, преку испитна форма се утврдува оспосбеноста на кандидатот. Образовните резултати се евидентират во Записници при полагање пред комисија и во главна книга од траен карактер.

Во Работнички универзитет “Благој Страчковски“, Велес инструкторите кои реализираат курсна настава и обука немаат изработено планирања за реализација на истата. Имаат делумно изготвени програми за реализирање на обуката изготвени од самите обучувачи но не со определена временска рамка кога да се реализираат

Во Работнички универзитет , во текот на образзование и проверка на знаење за одредената програма нема повторување. Наставата во Работнички универзитет “Благој Страчковски“, Велес се изведува на македонски наставен јазик.

Поддршката на корисниците на образовни услуги во Работнички универзитет во однос на севкупна грижа е добра. Просторните услови во Работничкиот универзитет се безбедени за изведување на настава и други активности за работно оспособување лица корисници на услугите. Дворот не е заграден , истиот нередовно се одржува и не е хортикултурно уреден. Пристапот во Работнички универзитет„Благој Страчковски“Велес не е прилагоден на потребите на слушатели со телесни пречки во развојот.

Во Работнички универзитет нема Правилник за заштита од пожари. Не постои План за заштита и спасување, нема изведено вежба за заштита од елементарни незгоди, земјотрес, пожар, поплава и слично. Никој од вработените не поседуваат вештини за давање прва помош.

Климата во Работнички универзитет е добра, се води грижа за заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуват во животот на установата. Кај вработените постои професионален однос, со почит и меѓусебно уважување, што битно влијае на добрата работна атмосвера.

Соработката со деловната заедница е на добро ниво. Деловната заедница го подржува Работнички унивезитет за реализација на практичната обука, со вклучување на стручни лица од деловната заедница во обуките на кандидатите за курсно работно оспособување. Соработката со деловна заедница се остварува со официјално регулирани потпишани документи или со неофицијални договорни процедури. Работнички универзитет соработува со следните фирми:Тргошпед ДООЕЛ –Велес; ДПТУ Жито ДООЕЛ Велес; Октопус Ријека ДОО – Подружница Велес; Штрабаг-АГ - Подружница Скопје; Еко Инжењеринг – нс ДООЕЛ Струмица; Изгрев Инженеринг-Велес; Винарија ,,СТОБИ,,;DMM Draxlmaier Manufacturing Maceedonia DOOEL-Кавадарци; Елинг –Скопје; Отпад – Охрид; Лим Дизајн –Скопје; Енмон – Велес; Пескара Вел Дооел Велес; Алпине проект Тетово; Макс Фруит ДООЕЛ с. Јосифово-Валандово; Никотранс -Скопје Деловната заедница го подржува Работнички унивезитет за реализација на практичната обука со вклучување на

стручни лица од деловната заедница во обуките на кандидатите за курсно работно оспособување.

Работнички универзитет во сопствен објект со приземје и кат, со корисна површина од вкупно 424 м2. Во него има на проземје една голема училница/ предавална од 68 м2 , две помали училници и 1 канцеларија за наставници, додека на прв кат има 2 канцеларии, две училници за држење на настава, еден кабинет по информатика,1 просторија за работно оспособување и санитарни јазли со две кабини, за машки и женски, во кои хигиената се држи на потребното ниво. Големина на сите простории ги задоволуваат потребите за доволен простор за престој и работа на кандидатите (учениците). Училниците се опремени со доволен број на клупи и столчиња според бројот на пријавените кандидати односно учениците.

Работничкиот универзитет располага со документ, Имотен лист бр.1229/2708 од 08.11.2006 година за трајно користење на постојните недвижности со неограничување за располагање.

Искористувањето на просторот се врши според потребите, нема распоред за користење на простор.

Во Работнички универзитет има вкупно 4 вработени. Работничкиот универзитет нема редовен наставен кадар на неопределено работно време за дооформување на основно образование на возрасни. За основно образование на возрасни Работнички универзитет по потреба ангажира уште 6 наставници со договор за привремено извршување на работи.

За стручно оспособување, Работнички универзитет нема постојано вработени наставници и стручни работници, нив ги ангажира по потреба од надвор, со потпишување на договор за извршување на привремените работни задачи. Во Работничкиот универзитет постои и евиденција (список) на надворешни соработници со кои директорот на Работничкуиот универзитет по потреба склучил договор.

Во Работнички универзитет не се следат развојните потреби на наставен кадар бидејќи истите се ангажираат по потреба..

Во Работнички универзитет средствата се обезбедуваат од сопствените приходи за извршени услуги и закупнина на деловниот простор со кој располага,односно на самофинасирање и во него се водат законски постапки во врска со финансиско работење и кој се со утврдени протоколи. Во Работничи универзитет не се изготвува Финасов план за тековната година на почеток на година и не се изготвува План за јавни набавки, додека се изготвува Годишна сметка. Истат се предава во централен регистар.

Орган на управување на Работнички универзитет според статутот (од 20.11.1978 година под бр.0101-382) е Собир на работните луѓе. Во работничкиот универзитет во моментот е отпочната постапка за формирање на Управен одбор, согласно одредбите од законот за Отворени граѓански универзитети за доживотно учење. Од страна на основачот Општина Велес има делегирано 2 претставника за Управен одбор и 2 претставника од редот на вработените на Работничкиот универзитет, додека од страна на Работичкиот универзитете доставено барање до Министерството за образование на Република Северна Македонија за делегирање на член, но до моментот на вршење на интегралната евалуација нема добиено одговор. Според сегашните состојби во Работнички универзитет се вработени вкуно 4 лица на неопределено време, од кои 1 доиректор и 3 вработени, тие го сочинуват собир на работни луѓе.

Работнички универзитет е раководен од лицето Јордан Галев, професор по филозофија, назначен од собирот на работни луѓе за ВД Директор.

В.Д. Директорот е избран со Одлука на Собирот на работни луѓе бр. 02-18/2 од 15.03.2019 година. Истиот е со завршен Филозовски факултет VII-1, со стекнато право на стручен назив-професор по филозофија и нема положено испит за директор и се нема здобиено со содветно уверение за познавање на англиски јазик. Во Работнички универзитет не функционират стручни органи, нема наставнички совет, или стручни активи.

Статутот на Работнички универзитет е донесен на седница на собир на работните луѓе при Работнички универзитет „Благој Страчковски“ – Велес на 10.11.1978 година. На статутот има дадено согласоност Собрание на општина Велес со Решение бр.01-5776 од 29.12.1978 година. На овој статут е извршена Измена и допуна на статут со одлука

Бр.0201-5/2 од 20.01.2000 година и уште една Измена и дополнување со Одлука бр.0201-131 од 17.12.2002 година.

Работнички универзитет е превземен со Оддлука бр.25-3299/5 од 30.08.2019 од страна на Општина Велес, и има изготвен нов Статут за трансформација на установата во Јавна установа Отворен граѓански универзитет за доживотно учење. Овој статут не е донесен, бидејќи установата нема конституирано управен одбор. До моментот на надзорот од страна на установата се превземани мерки со допис до МОН за делегирање на член на Управен одбор, за да може Управниот одбор на Работнички универзитет да го разгледа статутот и истиот да го проследи на понатамошно разгледување и добивање на согласност за истиот.

Работнички универзитет не изготвува Годишна програма, Самоевалуација и План за развој на установата од престанувањето на финансирањето од страна на МОН-2001 година.